3933	0							ЗАПИШУВАЊЕ ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА К.П.3933 (НИВА,КЛАСА4 ВО МЕСТО ВИКАНО ПАДИНА) ВО ПОВРШИНА ОД 3389 М2,НА НОСИ- ТЕЛОТ НА ПРАВОТО СЕ ВРШИ ВРЗ ОСНОВА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАРОТ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА К.О.СУШИЦА.	0 / 2010	17.06.2010 00:00:00

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
пс	Пасишта
лз	Лозја
л	Ливади

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од имотниот лист

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-13075/2022 од 06.06.2022 12:25:46

1105-13075/2022

ИМОТЕН ЛИСТ број: 2134 ПРЕПИС
Катастарска општина: СУШИЦА

Легенда на внесени шифри и кратенки:	
Шифра	Опис
зз	Плодните земјишта
н	Нива

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од имотниот лист

М.П.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во Струмица
НОТАР
НАДИЦА ЧАУШЕВСКА ЗАЕВА

Овластено лице:
Надица Чаушевска Заева
име и презиме, потпис

А. ФАЗА АРХИТЕКТУРА

А.1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. МЕСТОПОЛОЖБА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈАТА

1.1 Макролокација

Предвидената локација за поставување на фотонапонски модули се наоѓа во селоСушица во општина Ново Село.

Селото Сушица се наоѓа во се наоѓа во источниот дел на Струмичката котлина и лежи на 220 метри надморска височина. Од најблискиот град Струмица е оддалечен 18 километри во источен правец, 5 килиметри западно од Ново Село и покрај селото поминува магистралниот пат А4, Струмица- Ново Село.



Слика 1. *Местоположба на оптина Ново Село*

1.2 Миктролокација

Предметната локација на која ќе бидат поставени фотонапонските панели е со координати N: 41.432°, E: 22.830° и се наоѓа западно од Ново Село, односно на КП 3791, 3792, 3793, 3794, 3795, 3962, 3963 КО Сушица, општина Ново Село, со имотен лист број 2134.

До парцелата се доаѓа по патот кој води кон селото Сушица, кој исто така е во непосредна близина на магистралниот пат Струмица – Р.Бугарија, а оддалечена е само 4km од центарот на Ново Село. Пределот околу парцелата е рамничарски, на надморска височина од 208 метри.

Локацијата ќе биде оградена заради спречување на пристап на стока и луѓе со ограда во височина од 2,3 метри. Столбчиња на врвот ќе бидат закосени спрема надворешноста од локацијата. На врвот ќе се затегне во два реда бодликава жица, а долниот дел (до висина од 2,3 метри) ќе се инсталира челична мрежа со димензии на отворот од 60x60 mm.



Слика 2. *Микролокација на парцелите на кои ќе се постави фотонапонската централа*

2.ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

1. За потребите на Друштво за производство на електрична енергија ЕКОВАТ ГРУП ДОО Ново Село, на локација со КП 3791, 3792, 3793, 3794, 3795, 3962, 3963 КО Сушица, општина Ново Село со имотен лист број 2134, да се предвиди поставување на фотонапонски панели на монтажна конструкција на земја.

1. Да се проектира, оптимизира и димензионира PV системот во согласност со важечките европски прописни стандарди.

2. Да се предвидат фотонапонски панели **JA Solar JAM72S30-545/MR - 545 Wp**, од производителот JA SOLAR со моќност од **545 Wp** и ефикасност на панелот 21,1%.

3. Да се предвидат инвертори **Sungrow SG250HX-V11** од производителот SUNGROW со моќност на излез (AC страна) од **250kW.**

4. Носечка конструкција за монтирање на предвидениот број на панели и да биде изработена во секции со можност за монтирање на фотонапонски панели во два реда.

5. AC ормарите да се предвидат за монтажа на челична конструкција за фотонапонскипанели. Истите да се со степен на заштита IP65.

6. Да се предвиди мониторинг и контрола на PV централата.

7. Да се предвиди систем за заштитно заземјување со поцинкувана трака FeZn 30x4 mm

2. околу централата. Громобранска инсталација да се предвиди со аголни фаќачи нагром

3. монтирани на челична конструкција за фотонапонски панели.

8. Како основа за изработка на техничката документација да послужат архитектонско-

4. градежните подлоги.

9. Да се предвиди типска ограда и влезна порта на центрлата.

10. Да се предвиди типски столбови во линија на оградата за осветлување и видео надзор.

11. Електричните инсталации да се проектираат и изведат во согласност со важечките меѓународни и македонски технички прописи и стандарди за објекти од прва категорија согласно со актуелниот закон за градба.

12. За сите останати работи кои не се опфатени со оваа проектна програма се дава слобода за решавање од страна на проектантот со тоа што за битни промени да бидезапознаен Инвеститорот.

Согласен инвеститор:

Друштво за производство на електрична енергетија ЕКОВАТ ГРУП ДОО Ново Село

3. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

3.1 Сончево зрачење и сончеви патеки

Перформансите на фотонапонските панели директно зависат од метеоролошките услови (сончева ирадијација - зрачење, температура на воздухот, брзина на ветрот, итн.) на локацијата каде се врши поставувањето на панелите. На сликата е прикажана мапа на годишната просечна ирадијација во kWh/m2.



***Слика 3**. Мапа на годишната просечна ирадијација во kWh/m2*

Локацијата на која што е планирано поставување на фотонапонската центрла за производство на електрична енергија на „ЕКОВАТ ГРУП ДОО“ е подложена на голема сончева радијација со просечна годишна густина на енергија на сончевото зрачење од **1585kWh/m2**.

За пресметувањето на производството на електрична енергија од фотонапонските панели кои се поставени на парцелите во сопственост на ЕКОВАТ ГРУП ДОО е употребена база на податоци PVGIS-Classic

(Photovoltaic Geographical Informational System). Дел од сумарните вредности на некои параметри при генерирањето на податоци се рикажани вопродолжение:

- Номинална моќност на инсталираните фотонапонски панели: 2511,36 kWp.
- (фотонапонски панели од моно кристален силикон)

- Пресметани загуби како резултат на температура и ниска радијација: 9,23%
- (со користење на локална амбиентна температура)

- Пресметани загуби како резултат на ефекти од аголна рефлексија: 2,75%

- Други загуби (кабли, инвертор, итн.): 2%

- Комбинирани загуби на PV системот: 12,85%



Слика 4. *Очекувано количество на производство на електрична енергија за дадениот систем,*
со фиксен агол во kWh



***Слика 5**. Просечна ирадијација при фиксен агол за дадената локација изразена во kWh/m2*

Со цел елиминирање и минимизирање на засенувањето на панелите, од битно значење е познавањето на аголот на висина на хоризонтот и промената на аголот на висината на Сонцето на локацијата. На сликата е прикажана сончевата патека во текот на денот и годината која е компјутерски мапирана со помош на софтверската алатка.



***Слика 6.** Промена на аголот на висината на Сонцето за дадениот систем во kWh/m2*

4. Технички опис на проектот

Со овој проект е планирано поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќност од 2 MW, за потребите на компанијата „ЕКОВАТ ГРУП ДОО Ново Село“ на КП 3791, 3792, 3793, 3794, 3795, 3962, 3963 КО Сушица, општина Ново Село, со имотен лист број 2134, општина Ново Село. Парцелата која се опишува во овој проект на која ќе се постават фотонапонските панели е именувана како „ЕКОВАТ ГРУП ДОО“.

Фотонапонските панели функционираат врз основа на директна промена (конверзија) на светлосната енергија од сонцето во еднонасочна електрична струја, која ја вршат фотонапонските панели. Оваа еднонасочна струја, со инвертори синхронизирани со мрежниот напон, се трансформира во наизменична струја со 230V(400V)/50Hz.

Фотонапонските панели ќе се инсталираат на типизирани алуминиумски профили, а тие пак ќе се потпираат на „С“ профили специјално наменети за поставување на земја. Монтажната конструкција ќе биде фиксна во однос на хоризонтот по агол од 30^0, а со тоа и фотонапонските панели во секој момент ќе бидат свртени кон сонцето. Теренот претходно ќе биде порамнет и за самото набивање на профили ќе се користи специјална машина за набивање со хидрауличен чекан.

После набивањето ќе се изврши комплетно монтирање на останатиот дел од конструкцијата на која ќе се монтираат фотонапонските панели со соодветни држачи. Предвидени се ископи на ров за полагање на напојни енергетски кабли како и инсталација на оптички кабел за поврзување на мониторинг за фотонапонската централа.

Предвидената монтажна подконструкција мора да ги задоволува Европските стандарди за ветровни и снежни зони и тоа ЕУРОКОД 1 и ЕУРОКОД 3. Годишно очекувано производство на локацијата каде е планирана изведбата на фотонапонските панели за производство на електрична енергија е 3.432,30 MWh.

Фотонапонските панели кои ќе се инсталираат на парцелата во сопственост на „ЕКОВАТ ГРУП ДОО Ново Село“, ќе зафаќаат површина од 1.79ha.

Проектот е подготвен според Правилникот за содржина на проектите и истиотсодржи:

- технички опис;
- пресметки;
- спецификации;
- предмер;
- цртежи;

4.1. Избор на фотонапонски панели

Поставениот фотонапонски панел е од производителот JA SOLAR, изработен од монокристален силициум и припаѓа во топ 5 бренд производители на фотонапонски панели во светот. Панелот **JAM72S30-545/MR– 545Wp** е составен од специјални ќелии со вкупен број 72 и истите се поделени на пола со што вкупниот број на ќелии е 144, а тоа го подобрува температурниот коефициент на панелот, односно го прави поефикасен.
Ќе се постават вкупно **2760** панели со моќност од **545Wp**, односно вкупен производствен капацитет од **1504.2kWp**. Истите ќе се монтираат на алуминиумска подконструкција.
Фотонапонските панели се планирани да бидат поставени во 6 инвертерски зони.

МЕХАНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ:

- Димензии на избраниот панел 2279±2mm×1134±2mm×35±1mm
- Тежина: 28,6kg±3%
- Приклучна кутија: IP68, 3 diodes
- Електрични карактеристики:
- Максимална моќност Pmax : 545 W;
- Толеранција на моќност: - 0 ~ +5W;
- Ефикасност на панелот: 21.1 %
- Imp (maximum power current): 13.04 A
- Vmp (maximum power voltage): 41.80 V
- Isc (short circuit current): 13.93 A
- Voc (open circuit voltage): 49.75 V

Овие вредности се однесуваат при стандардни тест услови STC (Air Mass AM1.5, Irradiance 1000W/m2, Cell Temperature 25oC)
- Температурен коефициент при V_{oc} -0.275 %/oC
- Температурен коефициент при I_{sc} +0.045%/oC Максимални

карактеристики:

- Оперативна температура: -40oC ~ +85oC
- Максимален напон на системот: 1500V DC (IEC)

JA SOLAR

JAM72S30 525-550/MR/1500V Series

MECHANICAL DIAGRAMS



Remark: customized frame color and cable length available upon request

SPECIFICATIONS

Cell	Mono
Weight	28.6kg±3%
Dimensions	2279±2mm×1134±2mm×35±1mm
Cable Cross Section Size	4mm² (IEC), 12 AWG(UL)
No. of cells	144(6×24)
Junction Box	IP68, 3 diodes
Connector	Genuine MC4-EVO2 QC 4.10-35/45
Cable Length (Including Connector)	Portrait: 300mm(+)/400mm(-); Landscape: 1300mm(+)/1300mm(-)
Country of Manufacturer	China/Vietnam

ELECTRICAL PARAMETERS AT STC

TYPE	JAM72S30 -525/MR/1500V	JAM72S30 -530/MR/1500V	JAM72S30 -535/MR/1500V	JAM72S30 -540/MR/1500V	JAM72S30 -545/MR/1500V	JAM72S30 -550/MR/1500V
Rated Maximum Power(Pmax) [W]	525	530	535	540	545	550
Open Circuit Voltage(Voc) [V]	49.15	49.30	49.45	49.60	49.75	49.90
Maximum Power Voltage(Vmp) [V]	41.15	41.31	41.47	41.64	41.80	41.96
Short Circuit Current(Isc) [A]	13.65	13.72	13.79	13.86	13.93	14.00
Maximum Power Current(Imp) [A]	12.76	12.83	12.90	12.97	13.04	13.11
Module Efficiency [%]	20.3	20.5	20.7	20.9	21.1	21.3
Power Tolerance	0~+5W					
Temperature Coefficient of Isc(α_Isc)	+0.045%/°C					
Temperature Coefficient of Voc(β_Voc)	-0.275%/°C					
Temperature Coefficient of Pmax(γ_Pmp)	-0.350%/°C					
STC	Irradiance 1000W/m², cell temperature 25°C, AM1.5G					

Remark: Electrical data in this catalog do not refer to a single module and they are not part of the offer.They only serve for comparison among different module types.
Measurement tolerance at STC: Pmax ±3 %, Voc ±3% and Isc ±4%.

ELECTRICAL PARAMETERS AT NOCT

TYPE	JAM72S30-525 /MR/1500V	JAM72S30-530 /MR/1500V	JAM72S30-535 /MR/1500V	JAM72S30-540 /MR/1500V	JAM72S30-545 /MR/1500V	JAM72S30-550 /MR/1500V
Rated Max Power(Pmax) [W]	397	401	405	408	412	416
Open Circuit Voltage(Voc) [V]	46.05	46.18	46.31	46.43	46.55	46.68
Max Power Voltage(Vmp) [V]	38.36	38.57	38.78	38.99	39.20	39.43
Short Circuit Current(Isc) [A]	10.97	11.01	11.05	11.09	11.13	11.17
Max Power Current(Imp) [A]	10.35	10.39	10.43	10.47	10.51	10.55
NOCT	Irradiance 800W/m², ambient temperature 20°C,wind speed 1m/s, AM1.5G					

OPERATING CONDITIONS

Maximum System Voltage	1500V DC (IEC)
Operating Temperature	-40℃~+85℃
Maximum Series Fuse Rating	25A
Maximum Static Load,Front* Maximum Static Load,Back*	3600Pa, 1.5 1600Pa, 1.5
NOCT	45±2℃
Safety Class	Class Ⅱ
Fire Performance	UL Type 1

*For NexTracker installations, Maximum Static Load, Front is 2000Pa while Maximum Static Load, Back is2000Pa.

4.2. Техничко решение

За добивање на одреден еднонасочен напон во рамките на дозволените работни влезни напони на инверторите, повеќе PV панели се поврзуваат во серија и формираат т.н. „низа“. Секоја „низа“ произведува електрична енергија на еднонасочен напон и струја, која со вакви карактеристики не може директно да се пласира до потрошувачите преку постоечката дистрибутивна мрежа. Затоа, преку инверторите произведената електрична енергија со DC параметри треба да се трансформира во електрична енергија со наизменични напон и струја (AC параметри).

Со соодветно поврзување, низирање фотонапонските панели се поврзуваат на енергетски преобразувачи или DC/AC инвертори, чија улога е да ја трансформираат електричната енергија произведена со еднонасочен напон и струја во електрична енергија со наизменичен напон и струја, со минимални загуби на енергија во самиот инвертор.

За потребите на „ЕКОВАТ ГРУП ДОО“ ќе се постават вкупно шест (6) енергетски преобразувачи на моќност – инвертори. Начинот на поврзување на низите, инверторите, прекинувачката и заштитната опрема прикажани се во графичкиот дел.

Со соодветно поврзување на низите на инверторите се добива трофазен наизменичен систем за производство на електрична енергија со одредена моќност. Со групирање на повеќе вакви системи и нивно поврзување со заштитна и прекинувачка опрема, се добива генератор на електрична енергија на низок наизменичен напон со фреквенција од 50Hz. Во овој проект предвидени се типични модели на инвертори од производителот SUNGROW, со кои се задоволуваат нивото на заштита и останатите технички стандарди во согласност со: CE, CEI 0-16, CEI 0-21, EN 50438:2013, IEC 60068-2-x, IEC 1727,IEC 62109-1/2, IEC 62116, VDE 01 26-1-1, VDE-AR-N 4105 и сл.

4.3. Енергетски преобразувачи- инвертори

Ваквото решение е идеално за централи кои се поставени на отворен простор на стандардна алуминиумска конструкција. За потребите на „ЕКОВАТ ГРУП ДОО“ ќе биде извршено монтирање на фотонапонски панели на земја со што, преку избраните инвертори ќе се овозможи идеално техничко решение. За потребите на овој проект беа избрани осум инвертори кои ги имаат следниве спецификации:

- Инверторот **SunGrow SG250HX-V11** се карактеризира со 12 трагачи на максимална моќност - MPPT. Согласно начинот на низирање на фотонапонските панели во Табела 1, или вкупно ќе бидат приклучени 4608 панели.

- ***Табела 1.*** *Технички спецификации на избраниот енергетски преобразувач*

Ред. број	**Технички карактеристики**	**Вредност**
	DC страна	
1	Максимален влезен DC напон	1500 V
2	Максимална струја по MPPT трагач	30 A
3	Стартен напон	500 V
4	Ранг на работен напон по MPPT трагач	500-1500V
	AC страна	
5	Максимална AC моќност	250 kVA
6	Номинална моќност	225 kVA@ 40 ˚C
7	Максимална излезна струја	180.5 A
8	Фреквенција/Напон	50Hz/ 680V

Слика 7. *Графички приказ на енергетскиот преобразувач*

Type designation	SG250HX
Input (DC)	
Max. PV input voltage	1500 V
Min. PV input voltage / Startup input voltage	500 V / 500 V
Nominal PV input voltage	1160 V
MPP voltage range	500 V – 1500 V
MPP voltage range for nominal power	860 V – 1300 V
No. of independent MPP inputs	12
Max. number of input connector per MPPT	2
Max. PV input current	30 A * 12
Max. DC short-circuit current	50 A * 12
Output (AC)	
AC output power	250 kVA @ 30 °C / 225 kVA @40 °C / 200 KVA @ 50 °C
Max. AC output current	180.5 A
Nominal AC voltage	3 / PE, 800 V
AC voltage range	680 – 880V
Nominal grid frequency / Grid frequency range	50 Hz / 45 – 55 Hz, 60 Hz / 55 – 65 Hz
THD	< 3 % (at nominal power)
DC current injection	< 0.5 % In
Power factor at nominal power / Adjustable power factor	> 0.99 / 0.8 leading – 0.8 lagging
Feed-in phases / connection phases	3 / 3
Efficiency	
Max. efficiency	99.0 %
European efficiency	98.8 %
Protection	
DC reverse connection protection	Yes
AC short circuit protection	Yes
Leakage current protection	Yes
Grid monitoring	Yes
Ground fault monitoring	Yes
DC switch	Yes
AC switch	No
PV String current monitoring	Yes
Q at night function	Yes
Anti-PID and PID recovery function	Yes
Overvoltage protection	DC Type II / AC Type II
General Data	
Dimensions (W*H*D)	1051 * 660 * 363 mm
Weight	99kg
Isolation method	Transformerless
Ingress protection rating	IP66
Night power consumption	< 2 W
Operating ambient temperature range	-30 to 60 °C
Allowable relative humidity range (non-condensing)	0 – 100 %
Cooling method	Smart forced air cooling
Max. operating altitude	5000 m (> 4000 m derating)
Display	LED, Bluetooth+App
Communication	RS485 / PLC
DC connection type	MC4-Evo2 (Max. 6 mm², optional 10mm²)
AC connection type	OT/DT terminal (Max. 300 mm²)
Compliance	IEC 62109, IEC 61727, IEC 62116, IEC 60068, IEC 61683, VDE-AR-N 4110:2018, VDE-AR-N 4120:2018, EN 50549-1/2, UNE 206007-1:2013, P.O.12.3, UTE C15-712-1:2013
Grid Support	Q at night function, LVRT, HVRT,active & reactive power control and power ramp rate control

Слика 8. *Технички карактеристики на енергетскиот преобразувач*

4.4. Електричен развод

Кабелскиот развод што ќе се искористи од фотонапонските панели поврзани во низи до инверторите е едножилен бакарен проводник отпорен на UV - зрачење тип: PV1-f 1x6mm2.

Слика 9. Solar cable PV1-f 1 x 6mm2

4.5. Заземјување и громобранска инсталација

Заштитното заземјување на фотонапонската централа ќе се изведе со поцинкована трака FeZn 30x4mm, во соодветен ров источно од електраната. Со оглед на применетиот систем на заштита, отпорот на работното заземјување не смее да надминува 2 ома. Овој отпор во ниеден случај или период на годината не смее да биде поголем. Отпорот се проверува секоја година.

На заштитното заземјување се поврзува високонапонска опрема како и громобранска заштита. Фотонапонското поле ќе се штити со мали шипки со висина од 40cm кои се поставуваат на секои приближно 7 метри соодветно во секој ред на највисоката точка од конструкцијата. Громобранската заштита се препорачува да се реши за целиот простор со активни елементи кои имаат степен на веројатност за заштита од прибложно 98%.

Заштитно заземјување за целиот комплекс се изведува со цел заедничкиот потенцијал да се сведе на една заедничка вредност. Како прифатни водови се користат

фаќачите на гром, а како одводни водови се користи поцинкуваната челична конструкција. Целокупниот громобрански материјал е од стандардна изведба.

4.6. Мониторинг и управување

Концептот на работа на фотонапонската централа е со автосинхронизирачки стринг трофазни инвертори. Следењето на сите параметри за вкупната произведена електрична енергија, како и другите работни параметри се врши преку софтвер за мониторинг кој е компатибилен со инверторската опрема.

4.7. Разводни табли

Во централата не се изведени DC разводни табли бидејќи самите инвертори во себесодржат вградена прекуструјна и пренапонска заштита.

Таблите се надградни, односно изработени од двапати декапиран лим обоен во бела боја. Шемирањето на таблите е усогласено со трополна шема. Целата опрема е изведена за навлекување на шина. Напојувањето е изведено со кабели тип: N2XY-J и NA2XY-0 со соодветен пресек, детално опишани во делот Електричен развод.

Изведената инсталација ги задоволува стандардите: МКС Н.Б4. 741, МКС Н.Б4. 743, МКС Н.Б4. 752, МКС Н.Б4. 77 и МКС Н.Б4. 741, и МКС Н.Б4. 741.

4.8. Начин и водење на инсталацијата

Инсталациите ќе се положат во предходно ископан ров во земја. DC каблите надземно ќе бидат положени на предходно монтираната челична конструкција за фотонапонските панели, а подземно ќе се водат во тотра цевка низ рововите.

4.9. Општо

За сите останати работи кои не се опфатени во овој технички опис се дава слобода за решавање на проектантот со тоа што за битни измени треба да се запознае инвеститорот. Сета опрема треба да биде од реномирани брендирани производители со приложување на испитни листови, атести и сертификати за квалитет.

А.2. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 1 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

М=1:1000



ЛЕГЕНДА:

- Граница на проектен опфат, P=1.79Ха
- ГЛ — Градежна линија - рамковна површина за градење
- ПГЛ — Помошна градежна линија
- ГГП — Граница на градежна парцела
- РЛ — Регулациона линија
- 1 — Ознака (број) на градежна парцела
- 1.1 — Ознака (број) на градежна парцела
- ГП 01 — Ознака на градежна парцела
- Е1.13 — Намена
- H=4m — Максимална висина
- П — Катност
- Влез во ГП
- 0.24% 64m — Нивелман
- 222.96 — Висинска кота
- Паркинг место
- R5,7 — Радиус на хоризонтална кривина
- ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ВНАТРЕШНА ТАМПОНИРАНА УЛИЦА
- ПОСТОЕН ЗЕМЈЕН ПАТ
- ПРИСТАПНИ КОМУНИКАЦИИ - ТАМПОН

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- 20 — 110 кв надземен далновод со заштитен појас од 20m
- 240.765 / 223.778 — Столб на 110 кв надземен далновод
- ТС — Симбол за планирана трансформаторска станица со ККО - **2000kVA**
- ИТС — Симбол за планирана инвертер трансформаторска станица - **1500kwe**
- Планиран ЕЕ кабелски вод
  Кабелски вод (A2xS(F)2Y 3x(1x240mm2) 12 / 20 kV)
- Кабелски вод (PP00-A 4x150mm2)
- Фотоволтаични панели - **2760 парчиња**
- Кабелски вод (PP00-A 4x150mm2)
- Одводен атмосверски канал - правоаголен профил 05-03м
- бунар — Водоснабдувачки бунар

4

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги **"ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз** "ОХРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ **УПРАВИТЕЛ:** Андреј Лазаров **БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА:** 101 (од 19.03.2018г.)	**НАЗИВ НА ПРОЕКТ:** ИДЕЕН ПРОЕКТ ИЗГРАДБА НА ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА СО ИНСТАЛИРАНА МОКНОСТ ОД 2000 KW ЗА КП бр.3789, 3791, 3792, 3793, 3795, 3962, 3963, КО СУШИЦА, НОВО СЕЛО	**КАТАСТАРСКА ОПШТИНА:** КО СУШИЦА **АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА:** ОПШТИНА НОВО СЕЛО **ОДОБРУВАЧ:** МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	**ТЕХНИЧКИ БРОЈ:** 03 - 09 / 2022 - 1 **РАЗМЕР:** 1:500 **ДАТУМ:** ЈАНУАРИ, 2023 **МЕСТО:** СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх. **СОРАБОТНИК:** Кристина Делева, м-р. инж. арх.	**Прилог:** СИТУАЦИЈА		**РЕДЕН БРОЈ:** 01

ПРЕСЕК А-А



ПРЕСЕК В-В



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП1
СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО
НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ
ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО
КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА,
ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:100

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, трговија и услуги "ВИРО - ДИЗАЈН" ДОО увоз - извоз "ГАРИЌСКА" БР. 82, КОЧАНИ	НАЗИВ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ: ИДЕН ПРОЕКТ ИЗГРАДБА НА ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА СО ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ ОД 2000 KW ЗА КП бр.3789, 3791, 3792, 3793, 3795, 3962, 3963, КО СУШИЦА, НОВО СЕЛО	КАТАСТАРСКА ОПШТИНА: КО СУШИЦА АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА: ОПШТИНА НОВО СЕЛО	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 03 - 09 / 2022 - I РАЗМЕР: 1:1000
УПРАВИТЕЛ: Андреј Лазоров БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 101 (од 19.03.2018г.)		ОДОБРУВАЊЕ: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	ДАТУМ: ЈАНУАРИ, 2023 МЕСТО: СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазоров, дипл. инж. арх. СОРАБОТНИК: Христина Делева, м.р. инж. арх.	Прилог: ПРЕСЕЦИ НИЗ ТЕРЕН		РЕДЕН БРОЈ: 02





УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП1
СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО
НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ
ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО
КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА,
ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:50

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги **"ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз** "СКРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ **УПРАВИТЕЛ:** Андреј Лазаров **БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА:** 101 (од 19.03.2018г.)	**НАЗИВ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:** ИДЕЕН ПРОЕКТ ИЗГРАДБА НА ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА СО ИНСТАЛИРАНА МОКНОСТ ОД 2000 KW ЗА КП бр.3789, 3791, 3792, 3793, 3795, 3962, 3963, КО СУШИЦА, НОВО СЕЛО	**КАТАСТАРСКА ОПШТИНА:** КО СУШИЦА **АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА:** ОПШТИНА НОВО СЕЛО **ОДОБРУВАЧ:** МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	**ТЕХНИЧКИ БРОЈ:** 03 - 09 / 2022 - 1 **РАЗМЕР:** 1:1000 **ДАТУМ:** ЈАНУАРИ, 2023 **МЕСТО:** СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх. **СОРАБОТНИК:** Кристина Делева, м-р. инж. арх.	**Прилог:** КАРАКТЕРИСТИЧНА ОСНОВА		**РЕДЕН БРОЈ:** 03



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП1
СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО
НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ
ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО
КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА,
ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:25

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, продолжување, трговија и услуги "ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз "ОХРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ УПРАВИТЕЛ: Андреј Лазаров БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 101 (од 19.03.2018г.)	НАЗИВ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ: ИДЕЕН ПРОЕКТ ИЗГРАДБА НА ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА СО ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ ОД 2000 KW ЗА КП бр.3789, 3791, 3792, 3793, 3795, 3962, 3963, КО СУШИЦА, НОВО СЕЛО	КАТАСТАРСКА ОПШТИНА: КО СУШИЦА АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА: ОПШТИНА НОВО СЕЛО ОДОБРУВА: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 03 - 09 / 2022 - 1 РАЗМЕР: 1:1000 ДАТУМ: ЈАНУАРИ, 2023 МЕСТО: СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх. СОРАБОТНИК: Кристина Делева, м-р. инж. арх.	Прилог: КАРАКТЕРИСТИЧЕН ДЕТАЉ		РЕДЕН БРОЈ: 04